Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на триесет и осмата седница одржана на 30 јануари 2024 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛИФТ ИЛИ ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВ ЛИФТ ВО СТАНБЕНИТЕ ЗГРАДИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овој правилник се утврдуваат условите, начинот и постапката за користење на финансиските средства утврдени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, со намена за надоместување на трошоците направени при реконструкција на лифт или поставување на нов лифт во станбените згради на подрачјето на Општина Гази Баба.

(2) Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба согласно овој правилник имаат заедниците на сопственици на посебни делови односно управителите на станбените згради на подрачјето на Општина Гази Баба, кои ги исполнуваат условите од овој правилник и ја доставиле потребната документација.

**Член 2**

(1) Финансиските средства од член 1 на овој правилник се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, Програма за локален економски развој, во износ од 900.000 денари.

(2) Финансиските средства од став (1) на овој член се доделуваат до нивно целосно искористување.

**Член 3**

(1) Финансиските средства од член 1 на овој правилник, ќе се користат за делумен надомест на средствата на заедниците на сопственици на посебни делови и управителите на станбените згради, искористени за реконструкција на лифт во станбена зграда, во износ од 50% од вредноста, но не повеќе од 250.000 денари за реконструкција на лифт во станбена зграда.

(2) Финансиските средства од член 1 на овој правилник, ќе се користат за делумен надомест на средствата на заедниците на сопственици на посебни делови и управителите на станбените згради, искористени за поставување на нов лифт станбена зграда, во износ од 50% од вредноста, но не повеќе од 500.000 денари за поставување на лифт во станбена зграда.

## II. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 4**

(1) За реализирање на средствата од член 1 од овој правилник, општината објавува јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Гази Баба и во 1 (еден) печатен медиум.

(3) Јавниот повик ќе трае до 15.10.2024 година, односно до реализирање на финансиските средства за оваа намена, со достава на пријавите преку пошта или директно до писарница на Општина Гази Баба, на адреса ул."Архимедова" бр.2, 1000 Скопје.

(4) При спроведување на постапката, согласно динамиката, јавноста ќе биде континуирано известувана за степенот на искористување на предвидените средства, односно за износот на преостанати средства на веб страната на Општина Гази Баба.

## III. ПОСТАПКА, НАЧИН, УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 5**

(1) За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од членот 1 на овој правилник, Градоначалникот на Општина Гази Баба формира комисија од 5 (пет) члена и 1 (еден) технички секретар.

(2) Комисијата од став 1 на овој член е составена од претседател и 4 (четири) члена и 1 (еден) технички секретар од редот на вработените во администрацијата на Општината.

**Член 6**

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во барањето, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара друга дополнителна документација. За својата работа комисијата составува записник.

**Член 7**

(1) Апликацијата за надоместување на трошоците направени при реконструкција на лифт или поставување на лифт во станбена зграда, заедниците на сопственици и управителите на станбените згради го поднесуваат заедно со потребната документација, во затворен плик преку писарница на Општина Гази Баба до комисијата за спроведување на постапката од член 5 став (1) од овој правилник.

(2) Општина Гази Баба примените барања ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат и прифаќаат барањата.

(3) Кон барањето подносителот - заедница на сопственици на станови или управител на станбената зграда, е должен да ја поднесе следната документација:

- Пополнета апликација за реконструкција на лифт - Образец, потпишана од претседателот на заедница на сопственици или управител;
- Пополнета апликација за поставување на на нов лифт - Образец, потпишана од претседателот на заедница на сопственици или управител;
- Листа со потписи на сопственици на станбени единици за учество во проектот;
- Решение од Централен Регистар за Заедница на сопственици или Управителот, не постара од 2 месеци;
- Годишен финансиски извештај за 2023 година;
- Изјава за старост на колективниот станбен објект, дадена и потпишана од овластено лице за застапување;
- Одлука за согласност за реконструкција на лифт или поставување на нов лифт во станбена зграда донесена од заедница на сопственици на посебни делови на станбената зграда;
- Одлука за кофинансирање со сопствени средства за дел од вкупните средства за реконструкција на лифт или поставување на нов лифт во станбена зграда, донесена од сопствениците на посебни делови на станбената зграда;

- Имотни листови не постари од 2 месеци на сите сопственици на станови во зградата кои дале согласност;
- Потврда од општината за евиденција во регистарот на станбени згради;
- Одобрение за поставување на нов лифт - за ова е неопходно да се изработи техничка документација за поставување на нов лифт согласно законот за градење и да се аплицира во секторот за урбанизам и градежно земјиште на Општина Гази Баба за добивање на одобрение за поставување на нов лифт во станбена зграда;
- Понуди од три економски оператори за поставување на нов лифт;
- Копија од жиро сметката на заедницата на сопственици односно копија од жиро сметката што ја отворил управителот за потребите на станбената зграда;
- Договор за управувачки услуги (доколку работите на управување со станбената зграда се доверени на управител);
- Изјава заверена на нотар од подносителот на барањето (претседателот на заедницата на сопственици на посебни делови односно управителот на станбената зграда) дека нема користено финансиски средства за било која намена од Буџетот на општина Гази Баба во периодот пред објава на Јавниот повик.

(4) Критериуми и услови за учество на заедница на сопственици на станови или управители на станбена зграда на јавниот повик кои треба целосно да бидат исполнети, се следните:

- Станбените згради за колективно домување да бидат постари од 20 години;
- Заедницата на сопственици на посебните делови на станбената зграда треба да имаат донесено Одлука за согласност за реконструкција на лифтот или поставување на нов лифт во станбената зграда, со достава на список со своерачни потписи од минимум 50% + 1 од сопствениците на посебните делови;
- Заедницата на сопственици на посебните делови на станбената зграда треба да имаат донесено Одлука за кофинасирање со сопствени средства за делот од вкупниот износ за реконструкција на лифт или поставување на нов лифт во станбената зграда, со достава на список со своерачни потписи од минимум 50% + 1 од сопствениците на посебните делови;
- Имотен лист со кој се докажува сопственоста;
- Заедницата на сопственици на посебните делови на станбената зграда треба да достават одобрение за поставување на нов лифт, само доколку станува збор за барање за поставување на нов лифт.

(5) При теренска проверка од страна на комисијата од член 5 став (1) од овој правилник, што задолжително ќе се спроведе кај сите баратели кои ќе ги задоволат условите на првичната проверка, барателот треба да овозможи пристап до станбената зграда.

**Член 8**

(1) По завршување на јавниот повик, претседателот на комисијата свикува седница на која ќе се разгледуваат сите пристигнати барања.

(2) Комисијата ќе работи согласно принципот **"прв дојден прв услужен"**.

**Член 9**

(1) Врз основа на доставената документација и спроведената постапка од страна на комисијата а согласно условите и критериумите од членот 7 и членот 8 од овој правилник, Градоначалникот на Општина Гази Баба носи решение доколку барањето се усвојува, а во случај на неусвојување на барањето, барателот писмено се известува за неусвојувањето, со образложение на причините.

(2) Подносителот на барањето е должен по приемот на решението со кое се усвојува барањето, да склучи договор со економски оператор и за тоа да ја извести комисијата од член 5 став (1) од овој правилник.

(3) Доколку согласно ставот 1 од овој член подносителот на барањето не постапи согласно став 2 од овој член, решението ќе се поништи.

**Член 10**

Општина Гази Баба, финансиските средства од член 1 од овој правилник ќе ги исплати на жиро сметката која е приложена кон барањето, веднаш по реконструкцијата на лифтот или поставувањето на нов лифт на конкретната станбена зграда од страна на економскиот оператор изведувач на работите.

**Член 11**

Општина Гази Баба преку комисијата од член 5 став (1) од овој правилник, ќе води евиденција на сите доставени барања согласно овој правилник и сите донесени решенија од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-409/15**
**од 30 јануари 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**